Slow Food®
Bitola

ПРОГРАМСКИ И ФИНАНСИСКИ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ СЛОУ ФУД БИТОЛА 2024



СОДРЖИНА

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА....3
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО....5
ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ ВО СФ БИТОЛА....6
УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА....7
Национален конгрес 2024....7
Октагон проценка на капацитетот на Слоу Фуд Македонија....8
Кампања Зошто сум Слоу Фуд....9
ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ....10
Тера Мадре 2024....10
Slow Wine 2024....13
ЛОКАЛНИ НАСТАНИ....16
Бирарија....16
Вкусот на Пелистер....18
Прослава на Тера Мадре ден....19
Предновогодишна забава....20
Пролетна офанзива 2024: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА!....21
Училишни градини во Битола....22
Учество на настани организирани од другите Слоу Фуд конвивиуми....23
ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ....25
Гостување во поткаст....25
Член на СФ Битола домаќин на тв емисија за готвење....26
КОМУНИКАЦИИ....27
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ....28

ЗА СЛОУ ФУД БИТОЛА

Конвивиумот Слоу Фуд Битола како здружение е основан во 2011 година, а од 2018 година е членка и еден од основачите на Слоу Фуд Македонија.

Визијата на Здружението Слоу Фуд Битола е нова гастрономска култура базирана на традиционалната македонска кујна, разновидните земјоделски производи од локалните фармери и знаењето на новите генерации, трпеза која ги комбинира задоволството од вкусување на храната и одговорноста која стои пред идните генерации бидејќи преку чинијата која е секојдневно пред нас ние го гарантираме опстанокот на многу сорти, раси, производи и методи на преработка, како и опстанокот на малите фармери во руралните средини.

Мисијата на Здружението Слоу Фуд Битола е преку различни активности трајно да го промени функционирањето на прехранбениот систем. Ќе се присетиме и навратиме на заборавените вкусови и ќе ги едуцираме новите генерации да ги почитуваат нашите традиции, растенијата, животните, плодните почви и води, од кои произлегува нашата храна. Ние ќе ја инспирираме трансформацијата на политиката за храната, производните пракси и пазарните сили, така што тие да обезбедат задоволство, еднаквост, одржливост на храната што ја јадеме.

Стратешки цели на Здружението се заштита и промовирање на материјалното и нематеријалното културно наследство поврзано со производство на храна, развој на високо квалитетно одржливо земјоделство и производство на храна во согласност со традиционалните методи од страна на ситните производители и едукација на ко-производителите (консументите) за производството, значењето и карактеристиките на храната.

Остварувањето на својата визија и мисија и достигнувањето на стратешките цели здружението ги реализира преку следните активности:

- Промовирање на гастрономски и културни иницијативи
- Промовирање и поддршка на иницијативи со цел да се зачува и да се зајакне идентитетот, културната историја на областа во која се врзува специфично производство, особено зачувување на биолошката разновидност;
- Организирање на тренинзи за јакнење на капацитетите на членовите за активности на слоу фуд;
- Организирање на настани, изложби, конференции, состаноци, трибини, семинари, за постигнување на целите, со вклучување во активностите на членовите, производителите, готвачи, експерти и други лица;
- Организирање собирање средства за реализација на програмски активности;
- Промовирање на иницијативи насочени кон скратување на синџирот на храна од производители до потрошувачи;
- Склучување на договори со јавни и странски институции за реализација на проекти за остварување на визијата и мисијата на Слоу Фуд;



ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Раководни органи на здружението се претседателот и управниот одбор.

Претседател на Слоу Фуд Битола со четири годишен мандат, реизбран на собрание на здружението одржано на 02.20.2024 год е Игор Поповски.
Управниот одбор на здружението го сочинуваат 7 члена со мандат од 4 години и право на реизбор. Претседател на управниот одбор е претседателот на здружението. Во Управен одбор на здружението се следните членови:

1. Анита Главевска - член
2. Виолета Димовска - член
3. Елена Котевска – член
4.
5. Игор Поповски – претседател
6. Јасна Ѓоргиевска - член
7. Кире Сотировски - член
8. Марјан Бакревски – член

Здружението во 2024 година брои 39 члена. Според статутот на здружението, сите членови според статут имаат право:

- Рамноправно да учествуваат во остварувањето на целите на здружението,
  Да ја помагаат и унапредуваат работата и да придонесуваат за развојот и угледот на здружението,
- Да покренуваат иницијативи, предлози и расправи по одредени прашања и да учествуваат при одлучување за истите,
- Да учествуваат во одлучувањето на Собранието на здружението
- Секој член има право на глас, да избира и да биде избиран во телата на здружението
- Да бидат информирани за работата и активностите на здружението
- Да бидат ангажирани во проектите на здружението
- Да изнесуваат мислења и ставови за работата на органите и телата на здружението
- Да го претставуваат здружението и да присуствуваат на локални, национални и интернационални настани

ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ ВО СФ БИТОЛА

Во однос на организациските активности на здружението во 2024 година се организираа две собранија на здружението и се поднесоа апликации за финансиска поддршка за организација на настани до Општина Битола и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото собрание се одржа на 20.02.2024 во Фуд Репаблик Битола, со учество на 20 членови,

Второто собрание се одржа на 04.07.2024 во Хотел Театар Битола, со учество на 30 члена на здружението. На собранието беше реизбран претседателот на здружението Игор Поповски со 4 годишен мандат, и се избраа нови членови во управниот одбор. Исто така беа предложени и избрани членови за учество на конгресот на Слоу Фуд Македонија. Беше направена листа на делегати кои ќе учествуваат на конгресот и беа избрани членови кои ќе се предложат за учество во телата на конгресот. На собранието имаше можност да се обнови членството, но и да се зачленат нови членови.

Апликацијата која се достави до Општина Битола се однесуваше за финансиска поддршка на настанот Slow Wine, истата беше одобрена, а настанот беше организиран во соработка со Слоу Фуд Македонија. Слоу Фуд Битола настанот го поддржа и со волонтерски активности во делот на логистика.

Апликацијата која се достави до МЗШВ се однесуваше на настанот Бирарија и истата беше одобрена. Настанот беше организиран и хостира мали производители на занаетчиски пива од нашата држава и наиде на добар прием кај битолската публика.











УЧЕСТВО ВО ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Национален конгрес 2024

Националниот конгрес се одржа на 14.07.2024 во Офицески дом во Битола. На националниот конгрес од вкупно 96 делегати 12 делегати беа од СФ Битола. Од СФ Битола беа предложени и членови за телата на конгресот кои беа прифатени со гласање од страна на делегатите. На конгресот се усвои стратешкиот план на Слоу Фуд Македонија за периодот 2024-2027 година, се усвои конгресната декларација „Храна за промени“ и се избраа четирите членови на Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија со четиригодишен мандат.











Октагон проценка на капацитетот на Слоу Фуд Македонија

Слоу Фуд Битола учествуваше во проценка на капацитетот на Слоу Фуд Македонија со учество на 3 члена од здружението. Проценката се спроведе со алатката наречена Octagon. Оваа проценка се прави со посебни методи со кои се оценуваат четири важни аспекти на организацијата и тоа: вредностите за кои се залага организацијата, активностите кои ги спроведува, односите кои ги има во и надвор од организацијата и капацитетите на самата организација. Во проценката учествуваа 20 членови од сите конвивиуми во Македонија, при што беше запазено да бидат опфатени и мажи и жени, но и различни профили на членови – производители, готвачи, фармери, земјоделци, лидери на конвивиуми, членови од националниот одбор, вработени во извршната канцеларија.









Кампања Зошто сум Слоу Фуд

Производители од конвивиумот Слоу Фуд Битола зедоа учество во кампањата „Зошто сум Слоу Фуд“ која ја води Слоу Фуд Македонија преку социјалните мрежи. Секој производител има уникатна можност да каже зошто е дел од Слоу Фуд движењето во Македонија. Кампањата продолжува и оваа година и е отворена за сите мали производители кои се членови на Слоу Фуд.











ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ

Тера Мадре 2024

Интернационален Slow Food салон - Арка на вкусови

Претставници од Слоу Фуд Битола зедоа учество на петнаесеттото издание на најголемиот саем за храна, гастрономија и земјоделство Тера Мадре, кој се одржа во Торино, Италија, од 26 до 30 септември 2024 година.

Тера Мадре претставува собир на активистите на Слоу Фуд и е вистински пример за тоа како автентичната и локалната храна може да обедини и создаде мостови на пријателство.

Настанот е посветен на глобалната мрежа на Слоу Фуд, длабоките емоции и заедничката цел вградена во овогодинешното мото: Ние сме природа! Тера Мадре има цел да воспостави поинаква иднина за храна, што се обликува преку секојдневниот избор на поединци во политичките, јавните и приватните институции.

И оваа година Тера Мадре се одржа во паркот Дора, поранешна индустриска зона и претставува најголем и најважен меѓународен настан посветен на политиката за храна, одржливото земјоделство и животната средина и истиот е организиран од Слоу Фуд, регионот Пиемонт и градот Торино.



Отворањето на настанот беше точно напладне, во паркот Дора во Торино каде беа собрани делегати од 120 земји од мрежата на Слоу Фуд - Аргентина, Канада Австралија, Мексико, Македонија, Хрватска, Србија, Јапонија, Кина, Италија, Сомалија, Нигерија, Тајланд, Филипини, Куба и многу други.

Овој чин официјално започна со пораки за фармерите и испостената планета, за малите производители со големо срце, за земјоделците. Се прочита пораката на Папата Франсиск, се огласи новиот претседател на Слоу Фуд - Едвард Мукиби, а се проследи и емотивниот говор на основачот на Слоу Фуд Карло Петрини. "Сите земји од Африка, Латинска Америка, Европа..., околу 3000 претставници, сите вие што сте тука, сите го познавате биодиверзитетот, природата и нејзиното срце... Храната, дебатите, луѓето, културата.., светот на дланка ја промовира нашата космополитската мисла дека пулсираме како еден, поврзани со агендата на Слоу Фуд, за добра, чиста и правична храна - изјави Петрини.



Карло Петрини – основач на Slow Food движењето

Паркот Дора во кој се одржа Тера Мадре 2024 во Торино, се одликува со естетика инспирирана од одржливиот развој и различноста на локалните култури. Фотографиите на пример комбинираат природа и луѓе, вградувајќи во нив општествени пораки, со глобален акцент на екологија и локална традиција. Графитите пак служат како форма која што го поддржува одржливото земјоделско движење и културната размена, создавајќи визуелно привлечна средина.



Една од успешните приказни меѓу другите беше за училишните градини во Нигерија - како градините може да им помогнат на децата да ја развиваат свеста за природата и за здравата исхрана. Се разменаа идеи и искуства со други учесници на презентацијата што е од големо значење за проектите кои ги спроведува Слоу Фуд Македонија.

На настанот имаше производители од сите делови на светот - Филипини, Тајланд, Јапонија, Кина, Мароко, Саудиска Арабија, Италија, Цејлон, Украина... Сите тие ги презентираа своите автохтони богатства од локални производи, јадења и пијалоци.













Slow Wine 2024

Национален саем за вино

Оваа година се реализира петтото по ред издание на Slow Wine - Винскиот салон на Слоу Фуд во Македонија. Slow Wine илиИнски салон е настан кој има за цел да ги презентира и промовира малите и семејните производители на вино, кои пред посетителите ги презентираат своите „ински“ приказни поткрепени со дегустација на различните видови на вина кои ги произведуваат.

Овој настан е од големо значење за градење на винската култура кај посетителите кои тука имаат можност да дознаат за значењето на поднебјата, за зачувувањето на локалниот биодиверзитет кај лозјата, за техниките на производство, за трудот и љубовта вложени во секоја капка од овие божествени пијалоци.

Slow Wine –Ински салон Битола 2024 се организира како еднодневен настан на 10 август 2024 година, во пациото на НУ Завод и Музеј – Битола, со времетраење од 18:00 до 00:00 часот. Програмата на настанот вклучи дегустација на вина со едукација од страна на 16 винарии, промоција наински водич Slow Wine Guide 2023, забавно-музичка програма со настап на ДЈ сет Иле Косата и Сити бенд. Неизоставен дел од настаните на Слоу Фуд секако се квалитетните закуски овојпат специјално избрани за спарување со вино. Овогодинешното издание на винскиот салон се реализира со поддршка од општина Битола, во рамки на програмата Битфест 2024, а настанот го посетија околу 200 посетители.








slow
wine
2024











ЛОКАЛНИ НАСТАНИ

Бирарија

Промоција на крафт пива

Настанот Бирарија се одржа во организација на Слоу Фуд Битола, а со поддршка од општина Битола и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

Фестивалот на занаетчиско пиво - Бирарија го промовира и го поддржува локалното занаетчиско производство на пиво - од домашните производители до микро пиварниците. На овој настан посетителите имаа можност се запознаат директно со производителите на пиво и да пробаат свежо, не пастеризирано пиво.



„Бирарија“ е концепт кој ја применува филозофијата на Слоу Фуд во презентацијата и консумацијата на пиво. Концептот го нагласува уникатниот карактер на секое пиво, квалитетните состојки и над сè почитта кон знаењето и искуството на локалните пивовари, во суштина се спротивно на стандардизацијата на вкусовите на пиво. Истовремено ваквите настани се место за промоција и пренесување на трендот на глобалната револуција на занаетчиското пиво во Македонија и градење на пивската култура.

На настанот кој се одржа на 05.09.2024 година во дворот на Пионерски дом во Битола, учество зедоа пиварите Белеза Бруинг, Пивара Бакревски, Курајбир, Пивара Темов и Сакам пиво.

Дополнително, на иницијатива на еден од пиварите, се покани и млада домашна пивара од Албанија - Ѓушит, како гости-учесници на настанот. На штандовите покрај пиварите се сместија и продавачи на храна која совршено се вклопува со пиво и тоа Food Republic, Mr.Boulevard Dog и Конец.

Во простории на објектот на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ кој се наоѓа спроти Пионерскиот дом, се одржа Работилница за дегустација на пива каде се дегустираа 6 странски и домашни видови на пиво, водена од Марјан Костадиновски. Во музичкиот дел настапија Агим Џело со ДЏ сет, групата Мемфис Мафија и групата Паркети кои придонесоа за уште поубава атмосфера. Настанот го посетија околу 400 посетители кои можеа да се сместат на високи и ниски маси и дегустацијата да ја претворат во убаво дружење.










INFOGATE

Вкусот на Пелистер

Промоција на производители од подпелистериетo

Во декември Слоу Фуд Битола учествуваше на состанок организиран од „Национален парк Пелистер“ во хотел Милениум со цел да даде поддршка на локалниот туризам. Неколку производители членови на Слоу Фуд кои се лоцирани во Битола и подпелистерските општини учествуваа на еднодневен настан - базар „Вкусот на Пелистер“, организиран од „Национален парк Пелистер“, кој се одржа на 22 декември 2024 година од 11 до 15ч. на местото викано „На Лазо вилата“.

Настанот ги собра Битолчани и луѓе од околните општини кои тој ден уживаа во снегот, зимските спортови, а на обострано задоволство и во вкусна храна и пијалаци од локалните производители. Со свои производи се претставија БН Пчеларник, Пчеларник Талевски, Фарма Дихово и Мандра Пелистерски Овчи Производи, Винарија Алесто, Вила Дихово, Паста Делиција и Президиум Буково. Можеше да се проба мед, сокови, слатко од цреши, кашкавали и сирења, а имаше можност да се пробаат вина од Винарија Алесто и Вила Дихово.








Прослава на Тера Мадре ден

Денот на Тера Мадре, кој се слави секоја година на 10 декември, е глобална иницијатива на Слоу Фуд за промоција на локалните прехранбени традиции, одржливото земјоделство и разновидноста на храната. Тоа е ден посветен на прославување на богатството на локалните прехранбени култури и луѓето кои ги овозможуваат.
Како и секоја година и оваа година конвивиумот го одбележа 10 декември со заедничка вечера на членовите. Оваа година прославата по заеднички договор се одржа на 11 декември, а домаќин на прославата беше локален производител од Дихово, Нацо Јовчевски од БН пчеларник, кој спреми богата домашно подготвена вечера со изобилство на локална храна и секако алкохолни и безалкохолни пијалоци од локални сорти.










Предновогодишна забава

Слоу Фуд Битола организира предновогодишна забава во соработка со Слоу Фуд Прилеп. На забавата која се одржа во Фуд Репаблик на 29ти декември дојдоа членови и од двата конвивиуми. Оваа собиранка беше можност за меѓусебно запознавање, размена на искуства, да се ужива во храната и секако можност за добра дружба и забава.



Пролетна офанзива 2024: ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА!

На 21 март - првиот ден од пролетта, Слоу Фуд бомбардираше со цветни бомби. Фрлањето на цветните бомби станува традиција секоја година и има два карактери: едукативен за учениците во училиштата и заштитен за зачувување на биодиверзитетот. Цветните бомби може да се лансираат насекаде, каде што има почва за подлога, а препорачливо е на недостапни и неразвиени места каде инсектите ќе можат да опрашуваат. Конвивиумот Слоу Фуд Битола учествуваше во фрлањето на цветни бомби во нас. Стрелиште, а следните училишта се вклучија во оваа акција:

- Учениците при ОУ Св. Кирил и Методиј од Битола;
- Учениците од ОУ "Гоце Делчев" Могила;
- Подрачното училиште во с. Логоварди.










Училишни градини во Битола

Согласно Манифестот за едукација на Слоу Фуд – „Едукацијата треба да е достапна на различни локации и за секоја возраст, за да не им го пренесеме на идните генерации она што можеме да го поправиме денес. Единствено преку едуцирано, критички ориентирано и мотивирано население една земја може да го извлече најдоброто од себе". За да не им го оставиме на идните генерации она што можеме да го поправиме денес пред 10 години беше решено да се создаде Училишна градина во секое училиште кое сака визијата и мисијата на Слоу Фуд да стане дел од нивната секојдневна работа.
Во 2023 год. дел од Слоу Фуд Училишни градини станаа две училишта од Битола - ООУ „Гоце Делчев" и ООУ „Кирил и Методиј", за веќе во февруари 2024 година, како и останатите училишта вклучени во оваа иницијатива, под водство на своите ментори да ги прават своите први насади.



















Учество на настани организирани од другите Слоу Фуд конвивиуми

Малите производители, членови на Слоу Фуд Битола, беа поканети да учествуваат на настани во организација на други конвивиуми во Македонија. Учество се зеде на повеќе локално организирани настани – „Млеко 2024“ во Прилеп, „Вкусот на Водно“ во Скопје, „Вкусете го Охрид – локално“ во Охрид,
























Slow Food
ФЕСТИВАЛ НА БИОДИВЕРЗИТЕТ
ЗО ДОМАШНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ
НА ХРАНА И ПИЈАЛОЦИ
РАБОТИЛНИЦА ЗА ТЕСТЕНИНИ
РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАНАЕТЧИСКО ПИВО
16:00
КЕМ
15:00
OUBLI


МЕДОТЕКА






Slow Food
Vodno
Сиље заслужуваме:
ДОБРА
ЧИСТА И
ПРАВИЧНА
ХРАНА!


Slow Food



ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Гостување во поткаст

Тројца членови на Слоу Фуд Битола – Пеце Цветковски, Игор Поповски и Елена Каровска Гошевска учествуваа на поткаст кој беше организиран во рамките на проектот „Дали сте подготвени за Пелистер?“ на ПРЕДА Плус Фондација и се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската унија, а ја имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Сценарио и водител на поткастите е Љубица Ангелкова. Проектот „Дали сте подготвени за Пелистер?“ е кофинансиран од Општина Битола. Поткастот може да се најде на YouTube каналот под името Podcast 2: Are you ready for Pelister?



Член на СФ Битола домаќин на тв емисија за готвење

Пеце Цветковски член на Слоу Фуд Битола и сопственик на Вила Дихово беше домаќин на тв емисијата за готвење насловена Гастрономад, а во продукција на српската телевизија РТС1. Емисијата се снимаше кај Пеце, во селото Дихово под Пелистер, а за оваа прилика тој готвеше посни пиперки со песто од мечкин лук. Емисијата беше прикажана на 10 септември, на RTS1, во 13.30ч.













КОМУНИКАЦИИ

Членовите на конвивиумот редовно се известуваат за активностите на конвивиумот преку апликации за комуникација.

Слоу Фуд Битола има профили на социјалните мрежи каде што може да се следат активностите на конвивиумот.
Slow Food Bitola https://www.facebook.com/slowfood.bitola

Повеќе информации за Слоу Фуд Македонија може да се најдат на интернет страната на организацијата и нејзините социјални медиуми.
Интернет страна: www.slowfood.mk
Facebook профил:
Slow Food Macedonia https://www.facebook.com/slowfood.mk/?locale=mk_MK

Повеќе информации за функционирањето на Slow Food International може да се најдат на следните линкови:
Интернет страна: www.slowfood.com
Facebook профил:
Slow Food International https://www.facebook.com/slowfoodinternational/

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЕМБС: 06711820
Целосно име: Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	231.691,00			145.570,00
202	- - Потрошени материјали	39.691,00			2.600,00
204	- - Други услуги	105.000,00			18.900,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	6.000,00			
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација				13.000,00
209	- - Наемнини				72.450,00
210	- - Други материјални расходи	81.000,00			38.620,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	314.481,00			2.758,00
212	- - Провизија за платен промет	4.306,00			2.758,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	5.075,00			
219	- - Други расходи	2.100,00			
221	- - Пренесени средства	303.000,00			
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)				0,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)				0,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	14.000,00			1.433,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	560.172,00			149.761,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	3.040,00			11.679,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	3.040,00			11.679,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	563.212,00			161.440,00
240	- - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242)	450.000,00			18.400,00
242	- - Приходи од услуги	450.000,00			18.400,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	110.000,00			135.000,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини				5.000,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	3.212,00			3.040,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249	563.212,00			161.440,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	563.212,00			161.440,00

Биланс на состојба

Ознака за	Опис	Претходна	Бруто за тековна	Исправка на вредноста	Нето за тековна

АОП		година	година	за тековна година	година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)		249.191,00	249.191,00	0,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)		249.191,00	249.191,00	0,00
6	- - Опрема		249.191,00	249.191,00	0,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	6.940,00	11.679,00		11.679,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	3.040,00	11.679,00		11.679,00
12	- - Жиро сметка	3.040,00	11.679,00		11.679,00
23	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ	3.900,00			
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		36.709,00	36.709,00	0,00
31	- - Ситен инвентар		36.709,00	36.709,00	0,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	6.940,00	297.579,00	285.900,00	11.679,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	6.940,00			11.679,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	3.040,00			11.679,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	3.900,00			
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	6.940,00			11.679,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	110.000,00			135.000,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот				0,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	3.040,00			11.679,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	3.040,00			11.679,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	3.040,00			11.679,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
4631	- 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.				161.440,00

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.